**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

28 мај, 2019

# ЈАВЕН ПОВИК
## за избор на седум претставници од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот во спроведувањето на ИПА 2014-2020

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, согласно заклучоците од 12. седница одржана на 22.05.2019 година, а на барање на Секретаријатот за европски прашања, објавува Јавен повик за избор на седум претставници од граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот во спроведувањето на ИПА 2014-2020.

ИПА мониторинг комитетот се среќава еднаш годишно, а го претседаваат Заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор и претставник од Генералниот директорат за добрососедска политика и за преговори за проширување. Состаноците се одржуваат на англиски јазик.

Кандидатите за претставници на граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот потребно е да имаат познавање и граѓанска активност во еден од следните сектори:

1) Владеење на правото и фундаментални права;
2) Транспорт;
3) Животна средина и просторно планирање;
4) Демократија и владеење;
5) Образование, вработување и социјална политика;
6) Конкурентност и иновации;
7) Земјоделство и рурален развој.

Кандидатите за претставници на граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот потребно е да бидат поддржани од организации кои:

1. се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку три години пред објавувањето на јавниот повик;
2. во статутот имаат утврдено дејности и цели во областа на дејствување за која предлагаат кандидат;
3. работењето и дејствувањето е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата;


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Кандидатите за претставници на граѓанскиот сектор во ИПА мониторинг комитетот треба да ги исполнуваат следните услови:

1. да поседуваат најмалку три години работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор во областа за која се предлагаат како кандидати;
2. да имаат експертиза по прашања од граѓанскиот сектор во областа за која се предлагаат како кандидати (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи иницирање и учество во процеси за застапување и сл.);
3. активно да го познаваат англискиот јазик;
4. да не се членови на органи на политички партии;
5. да не се избрани или именувани лица;
6. да не се вработени во орган на државната управа.

Пријавувањето се врши на образец што може да се преземе од веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Кон пријавата треба да се приложи:

1. кратка биографија на кандидатот;
2. потполнет образец, потпишан од застапникот на организацијата и заверен со печат на организацијата;
3. профил на организацијата која го предлага кандидатот.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 20 јуни 2019 година**.

Пријавите доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат!

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку електронска пошта на nvosorabotka@gs.gov.mk


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk